Кристина Озимец Ивана Кузмановска

# Уметност без рамки



Драш

ОД УЛИЦИТЕ НА ЊУЈОРК ПРЕКУ ВОЗОВИТЕ ВО ЛОНДОН, БЕРЛИН И ПАРИЗ, ПА ДО СКОПСКИТЕ УЛИЦИ, ГРАФИТИТЕ КАКО ИНСТАНТ МЕДИУМИ СЕКОЈДНЕВНО КОМУНИЦИРААТ СО ИЛЈАДНИЦИ ЛУЃЕ, ГИ КРАДАТ МИСЛИТЕ НА ОНИЕ КОИ БРЗААТ НЕКАДЕ, ИЛИ ДЕЛАТ НАСМЕВКИ НА ЛИЦАТА НА ТУЃИНЦИТЕ. LIFE ВЛЕЗЕ ВО АНДЕРГРАУНД-СВЕТОТ НА УМЕТНОСТА И РАЗГОВАРАШЕ СО ЕДНИ ОД НАЈДОБРИТЕ СТРИТ- АРТИСТИ, ЧИИ ГРАФИТИ УПОРНО СЕ БОРАТ ПРОТИВ СИВИЛОТО НА СКОПЈЕ

Вандализам и обични чкртаници, вака сѐ уште ги карактеризира графитите, голем дел од јавноста. Оние, пак, кои ќе ги тргнат сивите очила и ќе решат да ги игнорираат досадните размачкани партиски пароли низ градот, загледувајќи се во графитите можеби и ќе го пронајдат најголемото арт-движење во историјата на светот. Адреналинот и стравот од „фаќање на дело" од полицијата додека се црта графитот, ја прават овој вид уметност исклучително посебна, бидејќи графити-артистите треба да остават зад себе ремек дело, а за тоа имаат само неколку минути. Енергијата и жестокоста кои овој вид улична уметност ги нуди, во Скопје имаат своја традиција од 15-тина години, раскажаа за LIFE едни од најпознатите графити-артисти во градот. Ако во Њујорк почетоците на графитите биле директно поврзани со хип-хоп културата, кај нас, првите графити се појавиле откако младите почнуваат да излегуваат надвор од Македонија и да го пренесуваат она што го виделе во странство. „Првите графити се појавуваат во деведесеттите години, и мислам дека инспирација на сите тогаш им беше Будимпешта. Првото парче на кое сум присуствувал беше во 95-та година, а





тогаш бев осмо одделение. За нас тоа беше доживување. Се возевме со автобус до центар, одевме на кеј, со тегли полни со боја и еден спреј за да цртаме", раскажува BNE, еден од поискусните цртачи на графити во Скопје. Тој за себе вели дека најмногу сака throw ups (парчиња до три бои). „Ја поддржувам целата сцена, но тоа што јас го сакам се гнасни парчиња, „прљаво", растекување, правење штета, се разбира не би се сложил тоа да се прави на приватен имот", вели BNE. Комплетно различен стил од него пак негува M.D., чии стрит-арт дела се наоѓаат на границата помеѓу воодушевувачки галериски слики и графити. Според него, луѓето имале потреба да се изразат на ѕид уште од камено време, и денес истиот тој човек има потреба да се изрази, на хартија, на платно или на ѕид. „Која е потребата од излегување надвор? Како што имаш потреба од секакви промени во животот, така имаш потреба да излезеш надвор и ако немаш контрола врз урбанистичкиот план и не можеш да го преуредиш како што тебе ти одговара, можеш барем да го украсиш. Пораката е многу едноставна и јасна, а тоа е разубавување на просторот", вели тој. M.D. и неговиот пријател Драш, исто така еден од најталентираните графити-артисти во градот, најчесто прават „витпејст" (однапред исцртани лепенки), што претставува најбезбедниот стил на улична уметност, бидејќи стрит-артистот само треба да го залепи своето дело на местото кое претходно го избрал, без никој да го види, за што се потребни само десетина секунди. „Лично сакам да цртам карактери кои даваат порака, тие за мене се поважни од таг (потпис) и слично. И тоа е интересно, но повеќе сакам да експериментирам, ме интересира цртање со спрејови, букви, карактери. Сакам кога некој ќе види мое закачено плакатче, или стикер, на некое и онака грдо место или ќоше, и да си рече 'еј види што убаво, некој се сетил дури и ова место да го разубави'. Можеби на некој кој шета низ градот, разочарано, со хаотична глава од секојдневните глупости кои му се случуваат, ова ќе му го промени денот", раскажува Драш. Вели дека црта и остава дела на заборавени, темни и запуштени места во градот, за само да провери дали луѓето воопшто посветуваат внимание на нив. „Јас го разубавувам и онака грдиот трансформатор, гаражите, куќичките од комунална хигиена, кои никој не го забележува. Градот е сив и те гуши во монотонија, и на ова Скопје му фали шаренило и живост", вели тој. Стилот на графити- артистите е комплетно индивидуален и доколку некој пробува да имитира или копира некого, сцената тоа веднаш би го препознала. „На некое дело не мора ни потпис да има ако цртачот си е индивидуален. Цртам карактери, и горе-долу сите ги препознаваат дека се мои, не морам да се потпишам. А експериментирањето се случува во техниките на работење, од цртање графити со спрејови, со мрсни бои, со поликолори, некогаш, пак, сакам да употребам педантна линија, а некогаш сакам хаотично и да „шљакам" бои на ѕидот, односно слободно да се изразам", вели Драш кој започнал да црта уште во 1996 година како дел од СГ2 (Скопски господари на графитот).






**СЛОБОДНИ ЅИДОВИ**

Игнорантскиот однос кон една култура на изразување и комплетна слобода на уметност не ги спречува графити-уметниците да делуваат. Тие раскажуваат дека во нивната сцена нема зли јазици, за нив не постојат поделби по вера, национална припадност или социјален статус. Најважна во овој свет е креативноста. За среќа, тие добија и свое место каде што можат да разговараат за својата уметност и да разменуваат идеи и искуствата, а тоа е „Графити шоп – Хром". Минијатурниот дуќан чиј газда е Целе, каде што ги затековме Nak47(Cnd`26), SRK и другите артисти, претставува собиралиште за младите цртачи каде слободно се консултираат меѓу себе за букви, карактери, цртежи, скици, за она што се случува на другите сцени во светот. „Овде е сè од цртачи за цртачи. Затоа

ова дуќанче има посебен дух. Поентата не е да биде голема продавница и секој да го знае, туку овде да се собираат луѓе кои се ентузијасти, да разменуваат мислења и ставови, да може да остават работени дела да бидат видени од други цртачи, луѓе кои ја ценат оваа работа да поминат и да видат“, вели Целе. Во 2011 кога компјутерите си го направија своето и ја победија улицата кога станува збор за забавата, детските игри и радоста за малите работи, графити-артистите се жалат дека на Скопје дефинитивно му недостигаат слободни ѕидови за цртање. „Оваа успана и некреативна младина тапка во место. На младината  недостигаат можности за да биде продуктивна, знам по самиот себе дека кога цртам паметот ми е тука, и сум фокусиран и не мислам на ништо друго. Ништо нема да го чини градот да постави неколку бетонски блокови во Градски парк на пример, на кои ќе се црта, ќе се пребојува и прецртува. Тоа ќе биде многу ценето, а и цртачите сами би го одржувале овој простор“, вели Драш и препорачува дека уметноста не мора да биде во рамка, за да биде видена. Таа е насекаде ■


РУКИ


ФЛИМ


ЦК

**ФЛИМ И РУКИ**

Флим и Руки, кои често цртаат и заедно, се препознатливи по своите интересни карактери. „Верувам дека не само јас, туку и повеќето луѓе во градот полесно можат да се идентификуваат со лик отколку со друг израз. Најчесто користам вит пејст, а поретко графити и стенцили“, вели Флим. Руки, која е една од ретките девојки кои цртаат графити во Скопје, раскажува дека не може да замисли град без стрит-арт. „Тоа би изгледало многу празно и многу бездушно. Цртањето е некој начин на празнење на вишокот енергија, а може да биде и некакво смирување во исто време, со секоја, макар и мала, интервенција вие сте разубавиле некој грд простор во градот, а тоа е супер филинг“, вели таа.

**ЦК**

Многу од графити-артистите низ Скопје, ЦК, го карактеризираат како еден од најискусните цртачи во Скопје. За него графитите се примитивни слободарски кодови. „Тоа е јавен потсмев и обесчестување на нивните ѕидови, грдење на илузионарната нормалност и отфрлање на стерилноста како сигурносна покривка. Хаосот ја движи природата- ние го прифаќаме предизвикот и го правиме тоа што го правиме“, вели тој за Life. Раскажува дека од средината на 90-тите Скопје континуирано се деконструира. Како истакнати имиња кои оставиле белег врз скопските ѕидови ги наведува: BIOSQUAD, REPTILE BABIES, DAOR, STRAJK, CK, JAZZ, HIV и NAK. Неговиот стил се одликува со нужност и како што вели, примитивна агресија. „Главна алатка ми е спрејот, а останатиот арсенал подразбира варијации на тема 'како да направиш поголема штета со помалку пари'“, вели тој.

